*Универзитет за туризам и менџмент*
*Број 02-148/1 год.*
*06.12.2022*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 2 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 94 став 1, алинеја 16 и член 184 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 6.12.2022 година, ја донесе следната

***ОДЛУКА***
***за доделување на титулата***
***ПОЧЕСЕН ДОКТОР (DOCTOR HONORIS CAUSA)***
***на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје***

1. На Саид Сергио Муссаги, основач и главен извршен директор на Муаве ДОО, Софија, Бугарија, му се доделува титула **ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ *(DOCTOR HONORIS CAUSA)*** на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје поради неговиот особен придонес за развојот на економијата во Република Македонија, како и за високото образование во областа на економските науки.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на титулата **ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ *(DOCTOR HONORIS CAUSA)*** да се официјализира на свечена промоција, која ќе се одржи на 14.12.2022 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92, став 2 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 94 став 1, алинеја 16 и член 184 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Економскиот факултет на Универзитетот, на седницата одржана на 06.12.2022 година, донесе одлука како во диспозитивот, земајќи го предвид и ценејќи го досегашиот богат и разновиден професионален ангажман на г-дин Саид Сергио Муссаги, кој во кратки црти се огледа во следното:

Г-дин Саид Сергио Муссаги дипломирал на Универзитетот за национална и светска економија, Софија, Бугарија, во 1997 година, со што се стекнал со звање: дипломиран макроекономист. Од дипломирањето до денешен ден, целокупниот свој работен ангажман го има посветено на развивање нови идеи и знаења во областа на финансиските политики, стратегии и планирање на економскиот развој, безбедноста, инвистициите, како и во создавањето едуциран стручен кадар од наведните области.

Во својот работен и дипломатски век г-дин, Саид Сергио Муссаги со големи амбиции и со висок ентузијазам работеше на јакнење на лидерските способности кај високите владини претставници во државата, истовремено успешно и професионално застапувајќи и лобирајќи во нивно име за подобро економско промовирање на државата во Европа и пошироко и го поддржува зајакнувањето на билатералните односи преку имплементација на стратегиски дипломатски политики.

Како основач на компанијата Муаве ДОО Софија, г-дин Саид Сергио Муссаги, со своето визионерство и висок професионализам во политичкиот, економскиот и стратешкиот консалтинг за корпоративни и владини клиенти, има дадено значителен придонес кон развојот и професионализацијата на севкупниот човечки капитал во државата.

Г-дин Саид Сергио Муссаги својот хуманизам и филантропски порив ги има реализирано преку Асоцијацијата „Африка на вистинскиот пат“,непрофитна, мултинационална и меѓународна организација што има дадено непроценлив придонес во демократскиот развој на африканските земји особено во сферата на социјалната заштита и граѓанските права, а особено правото на пристап до квалитетно образование за сите.

Своето богато, професионално искуство во сферата на деловниот развој, граѓанските права и економската дипломатија, г-динот Муссаги несебично ги споделува во сферата на високото образование, преку предлагање иновативни решенија во креирањето на студиските програми по економија и менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со што дава значителен придонес за развој на високото образование во наведените области.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

Претседател на Сенат

проф. д-р Дејан Наковски